**Inflectra**
100 mg прашок за концентрат за раствор за инфузија
infliksimab

**Картица за потсетување на пациентот**

Покажете ја оваа картица на секој лекар кој е вклучен во Вашето лекување.

Оваа картица-подсетник за пациент содржи важни информации за безбедноста, кои мора да ги знаете пред и во текот на лекувањето со Inflectra.

Име на пациент:
Име на лекар:
Телефон на лекар:

Кога ќе отворите нова картица, Ве молиме да ја чувате и оваа картица, се до истекот на 4 месеци од примањето на последната доза на лекот Inflectra.

Ве молиме внимателно да го прочитате Упатството за лекот Inflectra пред да почнете со примена на овој лек.

Датум на почеток на терапијата со лекот Inflectra:

Моментален режим на примена на лекот:

Важно е Вие и Вашиот лекар да го запишете заштитното име и бројот на серијата на употребениот лек.

Заштитно име:
Број на серија:

Замолете го Вашиот лекар овде да ги запише видот и датумот на последниот (последните) тест (тестови) на туберкулоза:

| | |
|---|---|
| Тест | Тест |
| Датум | Датум |
| Резултат: | Резултат: |

Ве молиме при секоја посета на лекар да носите со себе список на сите други лекови кои сте ги користеле.
Список на алергии:

Список на други лекови:

**Инфекции**

**Што да правите пред почеток на терапија со лекот Inflectra**

- Известете го Вашиот лекар ако имате некоја, дури и најмала инфекција.
- Многу е важно да го известите Вашиот лекар доколку некогаш сте боледувале од туберкулоза (ТВС) или ако сте биле во близок контакт со особа која боледувала од ТВС. Вашиот лекар ќе Ве тестира за да утврди дали имате ТВС. Замолите го Вашиот лекар на оваа картица да ги запише и видовите и датумите на Вашите тестови за ТВС.
- Известете го Вашиот лекар доколку имате hepatitis B или доколку знаете или се сомневате дека сте носител на хепатитис В.

**Што да правите во текот на терапијата со лекот Inflectra**

- Веднаш известете го Вашиот лекар ако имате знаци на инфекција. Овие знаци вклучуваат зголемена телесна температура, замор, (упорна) кашлица, краток здив, губење на телесната тежина, ноќно потење, дијареа (пролив), рани, проблеми со забите, чувство на печење во текот на мокрењето или симптоми слични на грип.

**Бременост, доење и вакцинација**

- Доколку во тек на бременост или доење сте го примиле лекот Inflectra, важно е да го известите лекарот на Вашето бебе пред Вашето бебе да прими било каква вакцина. Шест месеци по раѓањето на Вашето бебе или додека доите не треба да прими жива вакцина како што е на пример BCG (која се применува за превенција на туберкулоза).

Оваа картица треба да ја носите со себе 4 месеци по примена на последната доза на лекот Inflectra, или во случај на бременост 6 месеци по раѓање на бебето. Несаканите реакции може да се појават и долго време по последната доза на лекот.

SHKUP СКОПЈЕ